| Предмет | ПРОМОЦИЈА НА ЗДРАВЈЕ И ЗДРАВСТВЕНО ВОСПИТУВАЊЕ |
|---|---|
| Студиска програма | Тригодишни стручни студии за дипломиран радиолошки технолог |
| Код | СРТ-114 |
| Студиска година | Прва |
| Семестар | Прв |
| Вкупно часови | 70 |
| Кредити | 3 |
| Вид на предмет | Задолжителен |
| Предуслови | Нема |
| Изведува | Катедра по социјална медицина, Катедра по педагогија |
| Одговорен наставник | Проф. д-р Елена Ќосевска |
| Адреса: | Институт за социјална медицина; 50 Дивизија бр.6, 1000 Скопје и Филозофски факултет-Катедра по педагогија<br>Тел. +389 2 32 98 580, e-mail:ekosevska@medf.ukim.edu.mk |
| Клучни зборови | Студии за физиотерапевти, промоција на здравјето, здравствено воспитување, андрагогија и педагогија, дидактика |
| Учебни цели | • Студентот осознава за вредноста на здравјето<br>• Се подготвува за самостоен настап со едукативни цели<br>• Промовира здравје пред целна група на сите нивои на здравствена заштита |
| Кратка содржина | Теоретска настава:<br>Вовед во медицина (5 часа):<br>Дефиниција, задачи и поделба на медицината<br>Здравје: дефиниција, концепти, детерминанти<br>Вовед во здравствена професија<br>Улогата на физиотерапевтот и придонесот во подобрување на здравјето и неговата улога во стратегијата Сздравје за сите во 21-от веко.<br>Здравствено воспитување (10 часа):<br>Дефиниција на здравствено воспитување и здравствена култура<br>Цели и кому му е наменето здравственото воспитување<br>Промоција на здравје и здравственото воспитување<br>Мотивација за учење здравствено воспитување<br>Облици, методологија и помошни средства при работа во доменот на здравственото воспитување<br>Подрачја на работа при здравственото воспитување<br>Планирање и организација на здравствено воспитување<br>Практикување на здравствено воспитување во Р.М акедонија<br>Андрагогија и педагогија (5 часа):<br>Перманентно (континуирано) образование<br>Формално и неформално учење<br>Што е педагогија<br>Што е андрагогија<br>Едукација (учење) сдидактика (10 часа)<br>Што е дидактика<br>Особености на учењето<br>Организација на едукацијата<br>Физиотерапевт како предавач<br>Физиотерапевт како демонстраторка |

| | |
|---|---|
| | Физиотерапевт како советник<br><br>**Семинари:**<br><br>Здравствено воспитување (15 часа)<br>Студентот научува да изработи самостоен проект за здравствено воспитување<br><br>Педагогија, андрагогија, дидактика (25 часа)<br>Студентот се учи да одбира и употребува соодветни помошни облици и методи на работа, учебни средства и помагала<br>Студентот го изготвува и подоцна презентира својот предлог проект и план за предавање |
| Организација | Теоретска настава: 30 часа;<br>Семинарски труд: 40 часа |
| Методи на учење | Предавање, семинари |
| Предвидени учебни резултати | **Знаење и разбирање:**<br>Студентот ќе се стекне со основни знаења за здравственото воспитување, промоцијата на здравјето и теоретски ќе се подготви за едукативна дејност.<br>**Клучни вештини:**<br>Студентот ќе биде оспособен да ги применува во практиката здобиените теоретски знаења. |
| Специфични препораки за наставата | Студентот е задолжен активно да ги следи сите предвидените активности, вклучително и учеството во континуираните проверки на знаењето за да добие потпис.<br><br>**Бодирање на активностите на студентот:** (табела подолу)<br><br>* присуство на теоретска настава:<br>51% - 60% - 7.5 бода;<br>61% - 70% - 9.5 бода;<br>71% - 80% - 12 бода;<br>81% - 90% - 13 бода;<br>91% -100% - 15 бода.<br><br>** присуство на семинарите:<br>51% - 60% - 1 бод;<br>61% - 70% - 2 бода;<br>71% - 80% - 3 бода;<br>81% - 90% - 4 бода;<br>91% -100% - 5 бода<br><br>** активност на семинарите: 19-25 бода |
| Проверка на знаења | **Континуирана проверка (колоквиум):**<br>Студентот е потребно редовно да ја посетува теоретската и практичната настава за да пристапи на континуираната проверка. Проверките се |

| Вид на активност | Бодови Вовед/Здр.восп | Бодови Андраг/Пед/Дид |
|---|---|---|
| Теоретска настава* | 7.5-15 | 7.5-15 |
| Семинари** | 7.5-10 | 12.5-20 |
| Семинарска работа*** | 15-20 | 15-20 |
| Континуирана проверка-2 | 7.5-15 | 7.5-15 |
| Вкупно: | 60-100 | 60-100 |

| | |
|---|---|
| | писмени (тест со повеќекратен избор). Студентот задолжително се јавува на колоквиум, во спротивно не стекнува право на потпис на крајот на семестарот.<br>Студентот е должен да освои минимум бодови (60%) од едната и 60% од другата континуирана проверка кога се стекнува со право за оформување на завршна оценка.<br>Доколку студентот положи еден од двата колоквиуми се јавува на комплетен завршен испит.<br>Доколку студентот не ги положи двата колоквиуми нема право да се јави на комплетен завршен испит.<br><br>Завршен испит:<br>Нема. Доколку студентот ги положи обата колоквиума, се оформува целосната оценка.<br><br>Комплетен завршен испит:<br>Студентот полага комплетен завршен испит ако не освоил минимум бодови (60%) на еден од двата колоквиуми. Испитот претставува колоквиум што не е положен.<br>Доколку студентот не го положи неположениот колоквиум, нема право на оформување на оценка.<br><br>Оформување на целосната оценката:<br>Оценката за целокупниот испит се добива според табелата на оценки, а врз основа на збирот на бодовите добиени од сите активности, вклучувајќи ги и континуираните проверки.<br><br>ВОНРЕДНИ СТУДИИ:<br>Се изведуваат 40% од предвидената теоретска настава.<br>Испитот се изведува во ИСПИТНИ СЕСИИ и се состои од:<br>- тест со повеќекратен избор<br>Оценката за целокупниот испит се добива според табелата на оценки, а врз основа на збирот на бодовите добиени од сите активности. |
| Учебни помагала | Основни:<br>Авторизирани предавања од Катедрите и предавачите |